Република Северна Македонија

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**
**ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Врз основа на член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој развој („Службен весник на Република Македонија" број 72/2007, 5/2009, 43/2014, 193/2015, 39/2016, 164/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 190/2019), в.д. директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за назначување на овластено лице за заштитено пријавување***

1. Административниот државен службеник **Надица Ставрева,** помлад соработник во одделението за правни работи, сектор за општи и правни работи, се задолжува да извршува работни задачи како овластено лице за заштитено пријавување.
2. Именуваниот административен државен службеник е одговорен за извршување на работните задачи и обврски како овластено лице согласно Законот за заштита на укажувачи, како и согласно подзаконските акти кои произлегуваат од наведениот закон.
3. Ова Решение стапува на сила со денот на неговото потпишувањето од страна на в.д. директорот на Агенцијата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Административниот државен службеник Надица Ставрева е вработена во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на работно место како од точка 1 на ова Решение.

Со оглед на потребите на работниот процес на Агенцијата во поглед на обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачи, а согласно член 12, став 1, алинеја 7 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одлучи како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение може да се изјави жалба преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на приемот на ова Решение.

Решено во АФПЗРР Скопје, на ден __.07.2021 година, под бр. 04-23/17

26-07-2021

**В.Д. ДИРЕКТОР**

м.п.

**Никица Бачовски**

Доставено до:

- именуваната,
- одделение за управување со човечки ресурси и
- архива.

Подготвил: Иван Деспотовски